Република Македонија - Republika e Maqedonise
Општина Куманово - Komuna e Kumanoves
Бр.Nr. 01-2995/1
10.03 20 17 год.vit
Куманово-Kumanovë

Врз основа на Член 1 став 3 од Одлуката на Советот на Општина Куманово - За спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и на јавен градски превоз бр.09-9132 / 22 од 26.12. 2016 година („Сл.гласник на Општина Куманово„ бр.14/2016 ) и Член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ „бр.5/02 Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## За утврдување на постапката за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и на јавен градски превоз за 2017 година

**Уводни одредби**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува постапката за спроведување на мерките за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и на јавен градски превоз.

**Член 2**

Во постапката за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и на јавен градски превоз, се применуваат соодветните одредби од Член 2 , Член 3 и Член 4 од Одлуката за спроведување на мерките за субвенционирање а со кои се регулирани компонентите, корисниците и критериумите на предметното субвенционирање.

Составен дел на овој Правилник е Процедурата за одговорностите и должностите на вработените во Одделението за социјална заштита на Секторот за култура, спорт, социјална заштита, заштита на деца и здравствена заштита во Општина Куманово, при спроведување на постапката / мерките за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и на јавен градски превоз во 2017 година.

**Компоненти**

**Член 3**

Износот на субвенцијата за трошоци за комунални услуги е составен од две компоненти:

- Покривање на трошоци за потрошена вода за пиење до 900 денари за секој корисник на услугата односно субвенцијата и
- Покривање на трошоци за изнесување на смет до 300 денари за секој корисник на услугата односно субвенцијата.

**Член 4**

Износот на субвенцијата за јавен градски превоз е составен од три компоненти :

III зона - по 1500 ден месечно за секој корисник на услугата односно субвенцијата.

II зона - по 900 ден месечно за секој корисник на услугата односно субвенцијата.

I зона - по 700 ден месечно за секој корисник на услугата односно субвенцијата.

**Корисници**

**Член 5**

Субвенционирањето од средствата на Буџетот на Општина Куманово за трошоци за комунални услуги, ќе можат да го користат лицата за кои во текот на постапката за субвенционирање ке се утврди дека имаат статус на :

- Корисници на социјална парична помош поради материјална необезбеденост и невработеност (СПП ),
- Корисници на постојана парична помош ( ППП) или на
- Стечајни работници;

Субвенционирањето од средствата на Буџетот на Општина Куманово за јавен градски превоз, ќе можат да го користат само лицата за кои во текот на постапката за субвенционирање ке се утврди дека имаат статус на стечајни работници.

**Критериуми**

**Член 6**

Сите категории на граѓани наведени во одредбата на Член 5 став 1 од овој Правилник, субвенционирањето ќе можат да го користат, односно ке имаат статус на корисник на субвенционирање, доколку во текот на постапката за субвенционирање се утврди дека кумулативно ги исполнуваат следниве критериуми:

- да се државјани на Р.Македонија ,
- да се жители на Општина Куманово,
- да се корисници на услуги од ЈП „Чистота и зеленило„ , од ЈП „Водовод„ или да се корисници на услуги и од двете јавни претпријатија,
- да се подносители на барање за субвенционирање на трошоци за комунални услуги ( вода за пиење и изнесување на смет ) ,
- да се евидентирани на соодветна Листа на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа-Куманово - доколку се корисници на социјална парична помош поради материјална необезбеденост и невработеност или корисници на постојана парична помош ,
- да се евидентирани на соодветна Листа на Здружение на стечајни работници и акционери УНИТ 1 од Куманово,О.Липково и О.Ст.Нагоричане - доколку се стечајни работници.

**Член 7**

Категоријата на граѓани утврдена во одредбата на Член 5 став 2 од овој Правилник , субвенционирањето ќе може да го користат, односно ке имаат статус на корисник на субвенционирање доколку во текот на постапката за субвенционирање се утврди дека кумулативно ги исполнуваат следниве критериуми:

- да се државјани на Р.Македонија ,
- да се жители на Општина Куманово,
- да се евидентирани на соодветната Листа на Здружението на стечајни работници и акционери УНИТ 1 од О.Куманово, О.Липково, О.Старо Нагоричане, како стечајни работници на кои им е потребно користење на јавен градски превоз,
- да се подносители на барање за субвенционирање на јавен градски превоз.

## Обврски на барателот за субвенционирање

### Член 8

Заради докажување на фактот дека барателот за субвенционирање на трошоци за комунални услуги ги исполнува критериумите утврдени со овој Правилник, потребно е кон барањето за субвенционирање подносителот да ги приложи во вид на фотокопија следниве докази/документи:

- -Лична карта;
- - Сметка од ЈП „Водовод „ Куманово ;
- -Сметка од ЈП „Чистота и зеленило „ Куманово ;
- -Документ кој ја докажува врската(односот) помеѓу барателот и носителот на сметка ;

Заради докажување на фактот дека барателот за субвенционирање на јавен градски превоз ги исполнува критериумите утврдени со овој Правилник, потребно е кон барањето за субвенционирање, подносителот во вид на фотокопија да приложи само лична карта.

### Член 9

Барателите за субвенционирање, точно утврдените потребни документи ги доставуваат во канцеларијата на Одделението за социјална заштита, каде што од страна на одговорните службени лица се врши пополнување на образецот на барањањата за субвенционирање, нивната обработка како и постапување по истите .

Утврдувањето на статусот на корисник на субвенционирање по основ на статус на корисник на СПП и на ППП и по основ на статус на стечаен работник, го вршат одговорните службени лица од ресорното Одделение на Општината.

Раководителот на предметното Одделение, по службена должност е задолжен и одговорен, за редовно квартално доставување - на соодветните Листи во форма на Службено Известување - од став 1, алинеа 5 на член 6 и од став 1, алинеа 3 на член 7 - од страна на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа – Куманово , и од страна на Здружение на стечајни работници и акционери УНИТ 1 од О.Куманово, О.Липково ,О.Ст.Нагоричане, до Општината.

## Член 10

Доколку барателот не достави комплетна документација, барателот се враќа заради комплетирање , односно барањето не се пополнува се додека не бидат приложени сите потребни документи.
Доколку барателот ја достави предвидената документација, на празен образец од примерок на барање за субвенционирање барателот задолжително - лично го запишува датумот на извршеното доставување а потоа на барањето задолжително се потпишуваат и барателот и одговорното службено лице .

Одговорното службено лице го пополнува барањето и барателот се упатува на архивски шалтер.

По извршеното комплетирање, се пристапува кон разгледување на барањето за субвенционирање , неговата обработка како и постапување по истото.

## Член 11

Барателот ќе го стекне статусот на корисник на субвенционирање, следниот месец по доставување не комплетна документација.
За секој корисник на субвенционирање ќе се одлучува со поединечно решение врз основа на приложена документација пропишана со овој Правилник, по претходно спроведени дејствија во постапка регулирана со овој Правилник и со Процедурата за одговорностите и должностите на вработените во Одделението за социјална заштита на Секторот за култура, спорт, социјална заштита, заштита на деца и здравствена заштита во Општина Куманово, при спроведување на постапката / мерките за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и на јавен градски превоз .

## Член 12

Овој Правилник стапува на сила веднаш по неговото донесување и има важност од 01.01.2017 до 31.12. 2017 година.

**Бр. 01-2995/1**

**од 10.03. 2017 год.**
**Куманово**

**Градоначалник**
**на Општина Куманово**
**Зоран Дамјановски**